**20240320812**

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 111 став (4) и член 111-а став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 180/2019 и 103/2021) член 137 став (4) и член 139 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница, одржана на 30.1.2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРЕЧУВАЊЕ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА ИНФОРМАЦИИТЕ ДОБИЕНИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ТРАНСАКЦИИ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник поблиску се уредува:

а) начинот на спречување на злоупотреба на информациите, добиени како резултат на службената положба, за инвестирањето на средствата на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд (во натамошниот текст: пензиски фондови) или за планирано инвестирање, а таквите информации не биле официјално објавени на паза-рот и можеле да влијаат на цените на котираните инструменти (во натамошниот текст: доверливи информации); и

б) содржината и начинот на известување за трансакции со хартии од вредност склучени во свое име и за своја сметка од страна на лицата кои како резултат на службена положба имаат пристап до доверливи информации.

## II. Начин на спречување на злоупотреба на информација добиена како резултат на службена положба

Член 2

(1) Лицата кои како резултат на службена положба добиле информација за инвестирање на средствата на пензискиот фонд или за планирано инвестирање, а таквата информација не била официјално објавена на пазарот и можела да влијае на цените на котираните инструменти, должни се информацијата да ја чуваат строго доверливо според класификацијата со соодветен степен на тајност согласно закон.

(2) Лицата од став (1) на овој член не смеат непосредно или посредно да ја користат информацијата од ставот (1) на овој член, со цел стекнување корист преку продавање и купување хартии од вредност за себе или за други, освен за пензискиот фонд.

(3) Лицата од став (1) од овој член, потпишуваат изјава со која изјавуваат дека информациите кои ќе ги добијат како резултат на службената положба ќе ги чуваат строго доверливо според класификацијата со соодветен степен на тајност согласно закон и нема да ги користат информациите за стекнување корист за себе или за други, освен за пензискиот фонд.

Член 3

Лица кои како резултат на службена положба имаат пристап до доверливи информации според овој правилник се:

а) друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиско друштво), акционери на пензиско друштво и други поврзани лица;

б) член на управен одбор, на надзорен одбор, како и вработени во пензиското друштво кои имаат пристап до доверливи информации;

в) советник на пензиското друштво односно физичко или правно лице кое врз основа на договор со пензиското друштво дава совети или носи одлуки поврзани со инвестирањето на средствата на пензиските фондови со кои управува пензиското друштво или лице кое има договор со советникот на пензиското друштво во врска со работите наведени во договорот, освен лице кое обезбедува статистички податоци или податоци поврзани со макроекономски фактори и трендови за инвестирање на средствата на пензиските фондови;

г) чувар на имот или лице вработено во чуварот на имот кое има пристап до доверливи информации;

д) странски менаџер на средства или лице вработено во странскиот менаџер на средства кое има пристап до доверливи информации и

ѓ) лица вработени во Агенцијата кои имаат пристап до доверливи информации.

Член 4

Пензиското друштво и поврзаните лица со друштвото не смеат да:

а) продаваат инструменти на пензиските фондови со кои управува пензиското друштво, освен по пат на трансакција склучена на регулирани секундарни пазари и на пазари преку шалтер за инструментите кои ги исполнуваат пропишаните услови;

б) купуваат инструменти од пензиските фондови со кои управува пензиското друштво, освен по пат на трансакција склучена на регулирани секундарни пазари, на пазари преку шалтер и на примарни пазари за инструментите кои ги исполнуваат пропишаните услови;

в) позајмуваат пари, хартии од вредност или други средства од пензиските фондови со кои управува пензиското друштво и

г) даваат на заем пари, хартии од вредност или други средства на пензиските фондови со кои управува пензиското друштво, освен во износ пропишан со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 5

Лице од член 3 став (1) точка б) и в) на овој правилник не смее да прима било ка-кви надоместоци или плаќања (освен плаќања по основ на работен или друг договорен однос во пензиското друштво) поврзани со:

а) купување или продавање на инструменти за или од пензиските фондови со кои управува пензиското друштво и

б) позајмување или давање на заем на инструменти или други средства од или на пензиските фондови со кои управува пензиското друштво.

Член 6

Лице од член 3 став (1) точка б), в) и д) на овој правилник не смее да:

а) биде член на управен одбор, надзорен одбор или одбор на директори на издавач на хартии од вредност кои ги поседуваат пензиските фондови со кои управува пензиското друштво;

б) прима подароци или ветување за подарок во износ од најмалку 100 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата од издавач на хартии од вредност кои ги поседуваат пензиските фондови со кои управува пензиското друштво, освен пригодни подароци како книги, сувенири и слични предмети и

в) поседува повеќе од 5% од акциите со право на глас на издавач на хартии од вредност кои ги поседуваат пензиските фондови со кои управува пензиското друштво.

Член 7

Лице од член 3 став (1) точка г) и ѓ) на овој правилник, во рок од десет работни дена, доставува изјава до Агенцијата со која известува доколку:

а) е член или стане член на управен одбор, надзорен одбор или одбор на директори на издавач на хартии од вредност кои ги поседуваат пензиските фондови;

б) прими подароци или ветување за подарок во износ од најмалку 100 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата од издавач на хартии од вредност кои ги поседуваат пензиските фондови, освен пригодни подароци како книги, сувенири и слични предмети и

в) поседува повеќе од 5% од акциите со право на глас на издавач на хартии од вредност кои ги поседуваат пензиските фондови.

Член 8

(1) Пензиското друштво учествува на собранија на акционери на издавачите на хартии од вредност кои ги поседуваат пензиските фондови со кои тоа управува и дава мислење за сите прашања за кои се расправа на собранието, освен кога пензиските фондови со кои управува пензиското друштво поседуваат помалку од 1% од вкупно запишаните акции на издавачот или кога хартиите од вредност од еден издавач кои ги поседуваат пензиските фондови со кои управува пензиското друштво претставуваат помалку од 1% од вкупната вредност на пензиските фондови со кои управува пензиското друштво, пресметани на датумот на проценка еден работен ден пред датумот на одржување на собранието.

(2) Пензиското друштво доставува извештај до Агенцијата до 15-ти секој месец, за неговото учество на сите собранија на акционери одржани во месецот пред месецот за кој се доставува извештајот, кој содржи:

а) Општ дел - комплетна листа на издавачи, чии хартии од вредност се стекнати со средствата на пензиските фондови со кои управува пензиското друштво, кои одржале собранија на акционери во соодветниот месец. Во листата се наведува и процентот на вложувања во соодветниот издавач во однос на вредноста на пензиските фондови и во однос на вкупно издадените хартии од вредност од страна на издавачот, на датумот на одржување на собранието, прашањата кои биле тема на собранието и името на претставникот на пензиското друштво кој учествувал на собранието;

б) Посебен дел - детални извештаи што се однесуваат на секое собрание на кое пензиското друштво учествувало кои содржат јасни и точни ставови, како и информација за начинот на кој гласал претставникот на друштвото особено за следните прашања:

- избор или отповикување на сите или некои членови на органите на управување на акционерското друштво;
- инвестициска и финансиска политика на акционерското друштво;
- распределба на добивката за финансиската година и распределба на дивидендите;
- разгледување на финансиски извештаи;
- избор на независна надворешна ревизорска куќа и
- сите прашања поврзани со вонредно собрание на акционери.

(3) Пензиското друштво ги објавува извештаите од став (2) точка б) на овој член, на интернет страницата на друштвото, во рок од седум работни дена по доставувањето до Агенцијата.

## III. Известување за склучени трансакции во име и за сметка на пензиското друштво и во име и за сметка на пензискиот фонд

Член 9

(1) Пензиското друштво води и ажурира листа на:

а) трансакции со хартии од вредност склучени во свое име и за своја сметка;
б) склучени договори за заем и кредит во свое име и за своја сметка и
в) склучени договори за заем и кредит во име и за сметка на пензиските фондови.

(2) Листата од став (1) точка а) на овој член ги содржи следните елементи:

а) датум на трансакцијата;
б) вид на инструментот;
в) назив на издавачот;
г) идентификациски број на инструментот (тикер, ИСИН);
д) количина на купени или продадени финансиски инструменти;
ѓ) цена по единица финансиски инструмент;
е) вкупна вредност на трансакцијата;
ж) опис на трансакцијата (купување, продажба, стекнување, оттуѓување);
з) валута на трансакцијата и
ѕ) назив на пазарниот посредник преку кој е извршена трансакцијата.

(3) Листата од став (1) точка б) и в) на овој член ги содржи следните елементи:

а) датум на договор;
б) број на договор;
в) вид на договор;
г) страните кои го склучиле договорот;
д) вредноста која е предмет на договорот;
ѓ) каматната стапка која е предмет на договорот;
е) износ кој треба да се плати по основ на камата;
ж) осигурување на кредитот (залог, хипотека);
з) времетраење на договорот и
ѕ) клаузули во договорот.

Член 10

(1) Пензиското друштво води и ажурира список со податоци за лицата од член 3 став (1) точка б) и в) на овој правилник кои како резултат на службена положба имаат пристап до доверливи информации. Списокот ги содржи следните елементи:

а) Лични податоци: име и презиме на лицето кое има пристап до доверливите информации;

б) Позиција или работно место во друштвото: подетални податоци за позицијата или работното место на лицето во пензиското друштво;

в) Почетен датум на позиција или вработување: датум кога лицето стекнало статус на лице со пристап до доверливи информации и

г) Датум на престанок на позицијата или вработувањето: датум кога на лицето му престанал статусот на лице со пристап до доверливи информации или датумот на промена на позицијата или вработувањето.

(2) Пензиското друштво води и ажурира список со податоци за сите лица кои живеат во семејна заедница, дефинирани согласно Законот за семејството, со лицата од член 3 став (1) точка б) и в) од овој правилник. Списокот ги содржи следните елементи:

а) Лични податоци: име и презиме на лицето кое живее во семејна заедница со лицето кое има пристап до доверливи информации и

б) Вид на сродство со лицето кое има пристап до доверливи информации.

(3) Пензиското друштво води и ажурира список со податоци за лицата од член 3 став (1) точка д) на овој правилник со кое пензиското друштво има договор за странски менаџер на средства. Списокот ги содржи следните елементи:

а) Лични податоци: име и презиме на лицето кое има пристап до доверливи информации;

б) Позиција или работно место: подетални податоци за позицијата или работното место на лицето во странскиот менаџер на средства;

в) Почетен датум на позиција или вработување во странскиот менаџер на средства: датум кога лицето стекнало статус на лице со пристап до доверливи информации и

г) Датум на престанок на позицијата или вработувањето: датум кога на лицето му престанал статусот на лице со пристап до доверливи информации или датумот на промена на позицијата или вработувањето.

Член 11

Лицата од член 10 на овој правилник, во рок од десет работни дена по нивно внесување во списокот, поднесуваат до пензиското друштво извештај за хартиите од вредност кои ги поседуваат кој содржи:

а) вид на инструмент;

б) идентификациски број на инструмент;

в) назив на издавач и

г) количина на хартии од вредност кои ги поседуваат.

Член 12

(1) Лицата од член 10 на овој правилник го известуваат пензиското друштво за секоја трансакција со хартии од вредност склучена во свое име и за своја сметка, во рок од седум работни дена по склучувањето на трансакцијата.

(2) Пензиското друштво води и ажурира листа на трансакциите со хартии од вредност склучени од страна на лицата од член 10 на овој правилник.

(3) Листата на трансакции со хартии од вредност од став (2) на овој член ги содржи следните елементи:

а) датум на трансакцијата;

б) вид на инструментот;

в) назив на издавачот;

г) идентификациски број на инструментот (тикер, ИСИН);

д) количина на купени или продадени финансиски инструменти;
ѓ) цена по единица финансиски инструмент;
е) вкупна вредност на трансакцијата;
ж) опис на трансакцијата (купување, продажба, стекнување, оттуѓување);
з) валута на трансакцијата; и
ѕ) назив на пазарниот посредник преку кој е извршена трансакцијата.

Член 13

Пензиското друштво, известувањата од член 9 став (1), член 10 и член 12 став (2) на овој правилник, ги доставува до Агенцијата во електронски облик на секои 180 дена или пократко по барање на Агенцијата.

Член 14

Чуварот на имот води и ажурира список со податоци за лицата од член 3 став (1) точка г) од овој правилник кои како резултат на службена положба имаат пристап до доверливи информации. Списокот ги содржи следните елементи:
а) Лични податоци: име и презиме на лицето кое има пристап до доверливи информации;
б) Позиција или работно место во чуварот на имот: подетални податоци за позицијата или работното место на лицето во чуварот на имот;
в) Почетен датум на позиција или вработување: датум кога лицето стекнало статус на лице со пристап до доверливи информации и
г) Датум на престанок на позиција или вработување: датум кога на лицето му престанал статусот на лице со пристап до доверливи информации или датумот на промена на позицијата или вработувањето.

Член 15

Лицата од член 3 став (1) точка г) од овој правилник, во рок од десет работни дена по нивното внесување во списокот, поднесуваат до чуварот на имот извештај за хартиите од вредност кои ги поседуваат кој содржи:
а) вид на инструмент;
б) идентификациски број на инструмент;
в) назив на издавач и
г) количина на хартии од вредност кои ги поседувааат.

Член 16

(1) Лицата од член 3 став (1) точка г) од овој правилник го известуваат чуварот на имот за секоја трансакција со хартии од вредност склучена во свое име и за своја сметка, во рок од седум работни дена по склучувањето на трансакцијата.
(2) Чуварот на имот води и ажурира листа на трансакциите со хартии од вредност склучени од страна на лицата од член 3 став (1) точка г) на овој правилник.
(3) Листата на трансакции со хартии од вредност од став (2) на овој член ги содржи следните елементи:
а) датум на трансакцијата;
б) вид на инструментот;
в) назив на издавачот;
г) идентификациски број на инструментот (тикер, ИСИН);
д) количина на купени или продадени финансиски инструменти;
ѓ) цена по единица финансиски инструмент;
е) вкупна вредност на трансакцијата;

ж) опис на трансакцијата (купување, продажба, стекнување, оттуѓување);
з) валута на трансакцијата; и
ѕ) назив на пазарниот посредник преку кој е извршена трансакцијата.

Член 17

Чуварот на имот, известувањата од член 15 и член 16 став (2) на овој правилник, ги доставува до Агенцијата во електронски облик на секои 180 дена или пократко по барање на Агенцијата.

Член 18

Агенцијата води и ажурира список со податоци за лицата од член 3 став (1) точка ѓ) на овој правилник кои како резултат на службена положба имаат пристап до доверливи информации. Списокот ги содржи следните елементи:

а) Лични податоци: име и презиме на лицето кое има пристап до доверливи информации;

б) Позиција или работно место во Агенцијата: подетални податоци за позицијата или работното место на лицето во Агенцијата;

в) Почетен датум на позиција или вработување: датум кога лицето стекнало статус на лице со пристап до доверливи информации и

г) Датум на престанок на позиција или вработување: датум кога на лицето му престанал статусот на лице со пристап до доверливи информации или датумот на промена на позицијата или вработувањето.

Член 19

Лицата од член 3 став (1) точка ѓ) од овој правилник, тие во рок од десет работни дена по нивно внесување во списокот, поднесуваат до Агенцијата извештај за хартиите од вредност кои ги поседуваат кој содржи:

а) вид на инструмент;
б) идентификациски број на инструмент;
в) назив на издавач и
г) количина на поседувани хартии од вредност.

Член 20

(1) Лицата од член 3 став (1) точка ѓ) од овој правилник ја известуваат Агенцијата за секоја трансакција со хартии од вредност склучена во свое име и за своја сметка, во рок од седум работни дена по склучувањето на трансакцијата.

(2) Агенцијата води и ажурира листа на трансакциите со хартии од вредност склучени од страна на лицата од член 3 став (1) точка ѓ) од овој правилник.

(3) Листата на трансакции со хартии од вредност од став (2) на овој член ги содржи следните елементи:

а) датум на трансакцијата;
б) вид на инструментот;
в) назив на издавачот;
г) идентификациски број на инструментот (тикер, ИСИН);
д) количина на купени или продадени финансиски инструменти;
ѓ) цена по единица финансиски инструмент;
е) вкупна вредност на трансакцијата;
ж) опис на трансакцијата (купување, продажба, стекнување, оттуѓување);
з) валута на трансакцијата и
ѕ) назив на пазарниот посредник преку кој е извршена трансакцијата.

## IV. Завршна одредба

Член 21

Со влегување во сила овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакции со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 138 - 04.11.2008).

Член 22

Овој правилник влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-168/3 | Совет на експерти |
| 30 јануари 2024 година | Претседател, |
| Скопје | **Мексуд Али,** с.р. |